Архивски број: 08-659/2
20-12-2022 година

По претставката со бр. 08 – 659/1 од 15.12.2022 година, поднесена од [redacted] против [redacted] - Битола, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 20.12.2022 години, го донесе следниот

# **ЗАКЛУЧОК**
## **за отфрлање на претставка поради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА ПРЕТСТАВКАТА** со бр. 08 – 659/1 од 15.12.2022 година, поднесена од [redacted] **поради ненадлежност.**

## **Образложение**

На 15.12.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 659/1 од страна на [redacted] против [redacted] – Битола.

По разгледување на Вашата претставка и прилозите кон предметот, Ве информираме дека постапувањето по адресираниот проблем не спаѓа во рамките на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Во член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) дискриминацијата се дефинира како *секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.*

Од наведеното во претставката произлегува дека подносителот истата ја поднел поради недобивање на одговор на Барање за зачленување во [redacted] – Битола, поднесено на 28.11.2022 година. Со Законот за постапување по претставки е регулирано постапувањето по претставки и предлози на органите и организациите што вршат јавни овластувања. Во член 9, став 1 од истиот закон е предвиден законскиот рок, согласно кој здружението како организација која врши јавни

овластувања – концесионер е должно да одговори на предлогот, односно Вашето Барање за зачленување во здружението.

*„Органот кој постапува по претставките и предлозите е должен да му одговори на подносителот за основаноста и за резултатите од постапувањето во рок од 15 дена, а за сложени прашања во рок од 30 дена од приемот на претставката, односно предлогот."*

Согласно цитираниот член, во моментот на поднесување на претставката до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, законскиот рок за постапување на здружението се' уште не е изминат.

Оттука произлегува дека во моментот на поднесување на претставката не постои конкретна повреда на право на подносителот, која се заснова на дискриминаторска основа.

Дополнително, начинот на одлучување за членување во здруженија на граѓани е регулиран со Законот на здруженија и фондации и Статутот на здружението. Во член 58 од Законот за здруженија и фондации е предвидена надлежност на Министерството за правда за надзор на законитоста на примената на одредбите од законот. Од причина што Комисијата утврди дека не е надлежна за постапување по конкретниот проблем, а согласно надлежноста од Законот за здруженија и фондации доколку подносителот смета дека му е повредено одредено право од овој закон, потребно е да се обрати до Министерството за правда.

Поради се' горенаведено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок и ја отфрли претставката со бр. 08 – 659/1 од 15.12.2022 година поднесена од [redacted] заради ненадлежност за постапување по истата.

Скопје
20.12.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]